# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 87 став 2 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА РИБОЧУВАРСКА СЛУЖБА, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА ЗА РИБОЧУВАР, КАКО И НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење на рибочуварската служба, формата и содржината на образецот на легитимацијата за рибочувар, како и начинот на нејзиното давање и одземање.

## Член 2

Бројот на рибочувари кои вршат физичка заштита на рибите во риболовната вода или делот од риболовната вода, се одредува со риболовната основа и годишниот план.

## Член 3

При вршење на рибочуварската служба рибочуварот треба да носи униформа која ја определува концесионерот, да се легитимира пред да побара идентификација на лицата кои ги затекнува на и покрај риболовната вода и да води евиденција на дневни активности во дневник за работа, заверен и потпишан од концесионерот.

## Член 4

Доколку, рибочуварот затекне лице на риболовната вода (од брег или со чамец) или во нејзина близина и констатира дека лицето врши риболов спротивно на одредбите од законот, составува записник и привремено ги одзема риболовните средства и/или други средства наменети за риболов и рибите. На лицето од кое се одземени риболовните средства и рибите, рибочуварот му издава потврда за привремено одземање на риболовните средства и/или други средства наменети за риболов и риби.

За извршените работи од став 1 на овој член рибочуварот треба да го извести Државниот инспекторат за земјоделство со доставување на изготвениот записник и потврда за привремено одземање.

## Член 5

Легитимацијата за рибочувар се издава на образец со димензии 10 cm x 7 cm, на пластифицирана хартија во црвена боја.

Предната страна на легитимацијата за рибочувар содржи: Грб на Република Македонија, текст Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и "Легитимација за рибочувар", место за фотографија, име и презиме, единствен матичен број, број на уверение за положен испит и сериски број на легитимацијата.

Задната страна на легитимацијата за рибочувар содржи текст: Носителот на оваа легитимација има овластувања утврдени со Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08) и Законот за обезбедување лица и имот („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/99) назив на концесионерот, место и датум на издавање, место за печат и потпис на овластено лице.

## Член 6

Легитимацијата за рибочувар ја издава Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку концесионерите на рибите.

Доколку рибочуварот ја изгуби или поради некоја друга причина остане без легитимацијата за рибочувар, во рок од 24 часа треба писмено да го извести концесионерот.

## Член 7

Легитимацијата за рибочувар се одзема со престанок на работниот однос на рибочуварот.

## Член 8

Формата и содржината на образецот на легитимацијата за рибочувар е дадена во прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот за вршење на рибочуварската служба и за образецот на легитимацијата за чувар на рибниот фонд („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/94) и Упатството за образецот на легитимацијата за чувар на риболовот („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" бр. 23/85).

## Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08 – 2627/2
20 февруари 2008 година
Скопје

Министер
за земјоделство, шумарство
и водостопанство,

**Ацо Спасеноски,** с.р.

